# КЈП “Водовод” - Кочани



Сектор Геотерма



Сектор Водовод и канализација



Сектор Комунална хигиена



Сектор Градско зеленило и православни гробишта

# ПЛАН ЗА РАБОТА-АКТИВНОСТИ НА

## КЈП “Водовод” - Кочани во 2023 година

**Кочани, Декември 2022 г.**

Водовод

## Дејност и Организациона поставеност

Комуналното Јавно Претпријатие “Водовод”-Кочани е основано како Комунална Работна Организација со решение на Собранието на Општина Кочани бр.01-1532 од 02.02.1968 год. и запишано во судскиот регистар под бр.286/68 од 02.02.1968 год. Како Јавно претпријатие е основано со одлука на Собрание на Општина Кочани бр.08-5606/1 од 16.11.1989 год.

Во рамките на регистрираните дејности претпријатието е овластено да ги извршува следните дејности:

**36.00** Собирање, обработка и снабдување со вода;
**35.11** Производство на електрична енергија;
**35.30** Снабдување со пареа и климатизација;
**37.00** Отстранување на отпадни води;
**38.11** Собирање на безопасен отпад;
**38.32** Обновување на посебно издвоени материјали;
**42.21** Изградба на комунални објекти за течности;
**43.22** Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима-уреди;
**49.50** Цевоводен транспорт;
**52.21** Услужни дејности поврзани со копнениот превоз;
**81.30** Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;
**93.11** Работа на спортските објекти.

КЈП “Водовод”-Кочани како единствено Комунално претпријатие во Општина Кочани ги извршува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината и врши водоснабдување на Оризари и дел од општина Чешиново - Облешево.

Во согласност со статутарните одредби на Комуналното Јавно претпријатие”Водовод”-Кочани и правилникот за организација и систематизација истото е организирано во сектори и работни единици кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

Организационите работни единици се:

1. **Сектор “Финасиско и комерцијално работење”**
2. **Сектор “Општо и правни работи”**
3. **Сектор “Водовод и канализација”**
4. **Сектор “Комунална Хигиена”**
5. **Сектор “Градско зеленило и православни гробишта”**
6. **Сектор “Геотерма”**
7. **Сектор “Ит и развој”**

# 1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Секторот финансиско комерцијално работење ги извршува своите работни обврски пред се во делот на финансиското работење, јавните набавки, делот во пласман, продажба и наплата на комунални услуги.

Во одделението за сметководстсво и финансиии ќе се врши ажурно водење на сметководствената евиденција, наплата сметки , пресметка на плата на вработените и други сметководствени работи. Одделенито ќе ги изготвува квартални извештаи за тековното работење и ќе ги доставува до органите за надзор и управување како и до основачот, согласно законските прописи. Врз основа на сметководствените документи ќе составува Годишен извештај за финансиското и материјално работење ,составување и поднесување на Завршна сметка за работењето до соодветните органи , изготвување на финансовиот план за 2023 год. Негово доставување до органите за надзор на претпријатието, согласно законските прописи и рокови и други активности кои произлегуваат од редовното работење на КЈП,,Водовод,,Кочани.

Во одделението за пласман, продажба и наплата на комунални услуги, континуирано ќе се врши читање на водомерите и евидентирање на податоците со помош на мобилни апарати, пренесување на податоците во серверот, нивна обработка и изготвување на сметки за комунални услуги. Исто така ќе се врши редовна контрола од страна на лицата за контрола за ажурирање на базата на податоци за корисниците, истовремено откривајќи нелегални приклучоци,како а соодветствено со тоа и преземање на соодветни мерки со други надлежни институции за нивно санкционирање.Исто така ќе се врши контрола на корисниците кои во нашата евиденција ги водиме два пати годишно како и на корисниците кои имаат сопствени бунари во насока на задолжително поставување мерен инструмент за точно ф-ње канализација и прочистителна Ќе се врши навремено постапување по барањата на корисниците, како и доставувањето на фактурите за комунални услуги. Успешното исполнување на сите овие активности доведува до намалување на комерцијалните загуби на вода.

Продажниот простор и опрема во градскиот пазар како и двата помли пазари ги задоволуваат потребите на граѓаните, но во иднина треба да се преземаат одредени активности за подобрување на квалитетот на услугата.

Одделот градски паркинг ќе врши редовна наплата на паркинг услугите, а понатамошното работење ќе се одвива врз насоки од Советот на Општина Кочани.

Главни цели и задачи на одделението за набавки ќе бидат Објавување на Огласи за Јавни Набавки согласно Годишниот План за Јавни Набавки и согласно законските регулативи. Координација во припремата на Тендерските Документации и Техничките спецификации како и Координација во Евалуација на Понудите од Економските Оператори и Склучување на Договори за Јавни Набавки.

Набавка на потребните Стоки и Услуги согласно Договорите за Јавни Набавки и издавање на истите за редовното работење на претпријатието.

Со воведување на нов начин на брзо плаќање како и внесување на состојбите на водомерите на нашите корисници на веб страната на КЈП Водовод Кочани се дава можност на корисниците брзо и лесно да ги плаќаат сметките и да ги внесуваат состојби од водомерите.

## 2. СЕКТОР ЗА ОПШТО ПРАВНИ РАБОТИ

**План на активности за 2023 година за работа на Правна служба**

Работата на Правна служба застапување со физички и правни лица за наредната година ќе биде насочена кон изготвување и обработка на предлози до нотар за физички и правни лица, изготвување на опомени како за тековен така и за заостанат долг, склучување на договори за плаќање на рати, утужување на долг по договор, поднесување на барања за извршувања до Извршител, склучување на договори за комунални услуги со корисници правни и физички лица, решавање на проблемите со корисниците кои бесправно користат вода, давање на предлози за прекин на испораката на вода. Планираните активности ќе се одвиваат по следниот редослед:

Во период од месец јануари – изготвување на предлози до 6000,00ден. до Нотар за должници физички лица.

Системска обработка на Предлози над 6000,00ден. и припрема на веродостојни исправи картици за достава до адвокати.

Во период од месец февруари до мај - изготвување на тужби по договори.

Во период од месец мај до септември- изготвување на барања за извршувања .

Во период од септември –декември изготвување на тековни опомени и опомени по сите основи .

**-Во однос на планираните активности за Правна служба за работа со Правните лица дуќани и фирми**

Работата на ова одделение во текот на цела 2023 година ќе биде во насока на изготвување на квартални опомени, анализа на обврски на корисниците, поднесување на предлози до Нотар, составување на тужби до суд и склучување на договори за плаќање на рати.

Од направената анализа на корисници констатирана е потребата од зголемување на процентот на склучени Договори за комунални услуги, па во таа насока Правната служба ќе пристапи кон склучување и ажурирање на овие договори за регулирање на меѓусебните односи со корисниците.

За планираните активностите кои предлага Правната служба да ги превземе за идната 2023 година ќе се одвива во насока на зголемување на наплата на побарувањата воо соработка со Одделението за пласман , наплата и продажба, воедно средување на базата на корисниците во делот на точноста на податоците, активни и пасивни корисници кои се претставуваат услов за процесот на утужување пред нотар и надлежен суд. Правната служба ќе направи напори да изготви евиденција и селекција на корисници правни лица дуќани и фирми кои не се евидентирани во Централен регистар, а се јавуваат како должници .

Исто така, од досегашната пракса на мислење сме дека во наредната 2023година потребен е поголем ангажман за проверка на спроведување на обврските за договорите и поднесените барања за извршување и спроведување на извршните решенија пред Извршител. Исто така, предлагаме да се направи посебна анализа и справување со корисниците кои не ги плаќаат обврските спрема КЈП,,Водовод,,Кочани, имаат голем долг, повеќе поднесени постапки за извршувања кои од разни причини не се спроведуваат, а се со цел по извршената анализа да се спроведе постапка за исклучување на корисниците од водоводната мрежа според техничките можности за секој поединечно.

Сакаме да истакнеме дека стратегијата на КЈП,,Водовод,, Кочани треба да биде насочена кон перманентно зголемување на наплата за што е потребно зголемување на

капацитетот во правна служба, оформување и зајакнување на Центарот за односи со корисници и Call центарот.

**2.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРИ**

Одделението за човечки ресурси во 2023 година ќе ги врши работите и задачите што се однесуваат на правата и обврските на вработените во претпријатието, следењето и примената на законите, подзаконските акти, колективните договори и други прописи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на вработените, изготвување поединечни акти во врска со остварувањето на правата, обврските и одговорностите на вработените и давање мислења и упатства по истите, како и многу други обврски кои произлегуваат од законските прописи.

Во делот за безбедност при работа, редовно ќе се врши вакцинирање, систематски прегледи и обука на вработените за безбедност при работа.

Во 2023 год. одделението за човечки ресурси ќе ги превзема следните активности:

- изготвување и доставување на Годишниот план за вработување за 2024 година и извештај за реализација на Годишниот план за вработување до МИОА,
- спроведување на постапки за вработување и унапредување согласно Годишниот план за вработување за 2023 год. според потребите на претпријатието,
- координирање и давање упатства за спроведување на оценувањето на административните службеници и на давателите на јавни услуги за 2023 год,
- изготвување и доставување на Извештај на ранг листа на годишни оценки на административните службеници до МИОА,
- анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените,
- изготвување и доставување на Годишниот план за обуки и извештај за реализација на Годишниот план за обуки за административните службеници до МИОА,
- изготвување и доставување на Годишен извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници до МИОА,
- водење и ажурирање на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР),
- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенија за годишни одмори,
- водење на персоналните досиеја на вработените,
- други активности согласно законските прописи.

**Јасминка Димова-Пом.Директор по економски и правни прашања**

## 3. СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

**1.Систем за водоснабдување**

Планираните активности за 2023 година се насочени во правец на континуирано и квалитетно одржување на целокупната опрема (градежна, машинска, електро и

останата опрема) и реконструкција на постоечките и доградба на нови објекти во системот за водоснабдување со единствена цел: континуирана и квалитетна испорака на вода со најниски трошоци при работењето.

Во текот на 2023 година ќе биде ставен акцент на:

-Реконструкција на цевководи на кои што имаме почеста појава на дефекти (поради дотраеност на материјалот) - дел од сопствени средства или од програми

-Промена на неисправни и монтажа на нови вентили на дистрибутивните цевководи

-Вградување на нови воздушни вентили и замена на посточките

-Вградување на нови испустни вентили

-Инсталација на редуцир на притисок на ул.Р.Петрова

-Блокирање на вентил ф508 на стара доводна цевка пред резервоар (ниска зона)

-Изградба на нови мерни шахти (мерење на проток, притисок и количина) со што ќе се оформат нови мерни зони

-Надоградба на SCADA–системот

-Надградба и модернизација на системот за катодна заштита

-Замена на мерни уреди (водомери)

-Замена на сите мерни уреди(водомери) доколку се обезбедат средства од грант

-Техничко решение за резервоар Драчевик

-Набавка на потопни агрегати за во бунарскиот систем

-Набавка на столбен агрегат за пс Оризари

-Набавка на мерач на проток на влез на ф-ка за вода

-Набавка на компресор за компримиран воздух за потребите на процесот во Фабриката за вода

-Санација на градежен дел на некои објекти (Пумпни станици, резервоари и работни простории)

-Набавка на поквалитетни мерни уреди за лабораторија во ф-ката за вода

- Набавка на нови лабораториски апарати (спектрофотометар)

- Набавка на нови процесни контролери

- Сервисирање на командна табла за регулација на перење на филтри

- Сервисирање и набавка на нови електромагнетни вентили за перење на филтри

- Сервисирање на дувалка за воздух

- Сервисирање на систем за производство на компримиран воздух

- Сервисирање на возниот парк и набавка на пикап и товарно возило (патар) за екипите за одржување на водоводната мрежа

-Набавка на алат за потребите на секторот

-ХТЗ опрема

-Набавка на мала теренска пумпа со мал капацитет лесна за носење и работа при отклонување на дефекти.

-Преземање конкретни активности за намалување на неприходуваната вода.

-Континуирана надградба на ГИС системите

-Продолжување со реализација на проектот „Подзони во системот на водоснабдување".

-Набавка на камион кипер

-Набавка на влечно возило за џет трејлер ( 2,5 тони 2500mcc -КИА СОРЕНТО)

-Континуирана контрола на квалитетот на водата

-Изработка на елаборати за подземен катастар

-Санирање на озон генератор или инсталација на нов систем за озонирање од воздух со инсталација на додатна опрема сушач и компресор (со евентуално обезбедени средства преку грант).

-Откривање и намалување на техничките загуби на вода.

-Изработка на проектна документација која е основ за идниот развој на системот за водоснабдување

-Добивање на одлука за одобрување од Министерство за животна средина и Министерство за здравство за елаборат за пратење на нивото на подземни води во локалитетот „ Грдовски орман".

-Сервисни приклучоци-рехабилитација на стари и приклучок на нови (по потреба)

-Инсталација на комбинирани водомери на поголемите потрошувачи (по потреба)

-Изработка на проект за математичко и хидраулично моделирање на системот

-Одржување, реконструкција и изградба на чешми за јавна потрошувачка на вода.

-Доколку се создадат финансиски предуслови (со обезбедени средства преку грант) ќе постои можност за надградување на лабораторијата за контрола на квалитетот на водата, со крајна цел да дојде до сертификацијата на истата, односно сите анализи кои ги врши заводот за здравствена заштита - Кочани, да можеме да ги вршиме ние.

-Изработка на нов експлоатационен бунар

-Реконструкција на потисен цевковод Ф508.

**2.Систем за одведување на отпадни води**

Со системот за одведување на фекални и отпадни води се покриени градот Кочани и неколку селски населби од низинскиот дел, а во одредени зони од градот постои систем за одведување на атмосферските води.

Планираните активности за 2023 година ќе бидат во правец на програмско поставување на одржувањето на овие два системи. Тоа значи дека ќе имаме континуирано перење на елементите кои се составен дел на овие два системи (шахти, сливници, сливни решетки и цевководи) и одржување на објектите од градежен аспект (замена на оштетени капаци на шахти, решетки, цевки и др.)

-Планирани се активности за откривање на инфилтрација на вода во канализационите цевководи. Ова е потребно за превентивно делување при отклонувањето на проблемите за работењето на ПСОВ. Со оглед на работата на пречистителната станица, во наредниот период активностите ќе се сведат на следење на дадени упатства за одржување и континуирана работа ( дневни, неделни, месечни , полугодишни и годишни активности).

-Планско чистење на канализационата мрежа во Општината со специјалните возила Канал џет и џет трејлер добиени од проектот за ПСОВ.

-Реконструкција на канализациониот систем во н.Оризари

-Изградба на канализационен систем за с.Тркање (колектор за поврзување на ПСОВ Мојанци и реконструкција на постоечкиот канализациона мрежа во с.Тркање)

**Зоранчо Георгиев-Раководител на Сектор Водовод и канализација**

## 3. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

### 1. Планирани активности 2023

Секторот “Комунална Хигиена” го сочинуваат три оделенија и тоа оделение за управување со отпад, за јавна чистота и одржување на механизација и возила.

Метење на улиците и јавните површини според програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани во која е предвидено да се метат вкупно 11.325.723 $m^2$ о годишно. Согласно Програмата ќе се врши метење на: улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, автобуски стојалишта и такси станици, пазари; миење на улици и паркинг простори. Динамиката за извршување на програмата ке се врши со предвидената динамика:

- Метење на улици секој ден освен во недела,
- Метење на улици два пати неделно
- Метење на улици два пати месечно
- Метење на улици еднаш месечно
- Метење на улици 3 пати годишно

Метењето, собирањето на отпад и транспортирањето на отпадот од градскиот пазар ке се извршува еднаш неделно во четврток, по завршувањето на пазарот, во зимскиот период од 16ч, во летниот од 17ч.

Одржување на спомениците се врши согласно Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2023г. на спомен обележја кои се наоѓаат на јавна површина и во дворното место на урбаните и месните заедници.

Чистење на јавната површина околу спомен обележјето ќе се спроведе најдоцна еден ден пред датумот на обележувањето на настанот или личноста.

Во текот на 2023 се предвидува вкупно 25 пати миење на улиците во табелата подолу со цистерна со предни млазници.

Вонредното одржување ќе опфати:

- метење и перење на улиците при големи поројни дождови,
- метење и перење на јавни површини во населени места кои добиваат комунални услуги заради одржување на прослави,
- метење и перење на јавни површини од незгоди и несреќи,
- метење и перење при одржување на спортски и културни манифестации на непредвидени локации во оваа програма, а организирани или поддржани од општината
- отстранување на мртов крупен добиток на јавни површини од непознато потекло.

Генералното пролетно чистење ќе опфати чистење на површини со поголем степен на загаденост по завршување на зимскиот период и тоа:

- чистење од ризла,
- генерално перење на улиците по потреба и по степен на загаденост.

Останати планирани активности работењето на Секторот "Комунална Хигиена" кои исто така се дел од програмата за јавна чистота се :

- Расчистување на снег и посипување со сол и песок според програмата за зимско одржување
- Собирање транспортирање и депонирање на отпад спрема распоредот составен од страна на КЈП Водовод Кочани од физички, правни лица и садови поставени на јавно прометни површини. Предвидената количина на отпад кој ќе се депонира врз основа на досегашното искуство изнесува 65.000 $m^3$ годишно.
- Организирање на дежурства за изнесување на смет во недела и за време на празници;
- Дежурства за заштита и гаснење на евентуална појава на пожар на депонијата;
- Одржување на градската депонија и продолжување со стражарска служба;
- Формирање на противпожарен заштиен појас околку депонијата;

- Дежурства за зимско одржување на улиците во градот ;
- Чистење на дивите депонии низ градот и околните места;
- Поправка на оштетени елементи на детски игралишта;
- Поставување и одржувања на урбаната опрема во Општина Кочани;
- Поставување на нови контејнери од 1,1 м$^3$ на постоечките локации и на дополнителни, спрема потребите
- Промена и сервисирање на оштетената комунална опрема;
- Одржување на ракофати и огради на мостови;
- Изработка и поправка на метални конструкции (шахти, решетки, клупи, огради и слично);
- Поправки за сектор Водовод и канализација - заварување на дефеци на цевководи и поправки на дефеци во пумпни станици и резервари;
- Перење и дезинфекција на улици спрема динамика утврдена со програмата за јавна чистота;
- Тековно одржување и сервисирање на возниот парк на КЈП Водовод Кочани;
- Третирање на депонијата со раствор од алги како заштитна мерка од запалување
- Набавка на алат и опрема за потребите на секторот
- Набавка на ХТЗ опрема
- Поправка на постоечките контејнери која опфаќа извршување на лимарско-браварски работи,фарбање и промена на тркалца спрема потребите.
- Набавка на 300 тркалца за контејнери

Во 2023 година се предвидува со собирање на 65.000 м$^3$ смет од правните и физичките лица.

**2. Планирани поголеми капитални инвестиции и поправки во 2023 г.**

За извршување на редовните и вонредни задачи во сектор “Комунална Хигиена” планирани се следните инвестиции и поправки :

- Набавка на комунално возило за транспорт на отпад
- Набавка на цистерна за транспорт н авода и миење на улици
- Набавка на канти за домаќинствата
- Набавка на ГПС уреди и следење на возила со ГПС
- Инсталирање на хидрауличен систем за подигнување на подземни контејнери на 2 комунални возила

**Мирче Паунов – Зам. Раководител на Сектор Комунална хигиена**

## 5. СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ПРАВОСЛАВНИ ГРОБИШТА

СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА ПЛАНОТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОД.

Планот за активности за 2023 год. на Секторот „Паркови и зеленило и паравославни гробишта„ за одржување на јавните зелени површини е насочен кон одржување на зеленилото на парковските површини, зеленилото на скверовите во

централното градско подрајче, скверовите на споредните улици и зеленилото кај влезовите во град Кочани со цел хортикултурно уредување и високо естетско оплеменување на просторот со што ќе се постигне поурбан изглед на градот како и уредување и одржување на православните градски гробишта.

ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОД.

**Овој план ќе опфати :**

***Редовно одржување:***

- Одржување на јавните зелени површини (паркови, скверови во централно градско подрачје, скверови во споредни улици, влезови во град, жардињери, цветни површини, патеки во зеленило, висечки жардињери);
- Подигнување на нови зелени површини со соодветно хортикултурно урдедување на истите
- Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило;
- Подигнување на нови дрвореди
- Одржување на веќе постоечките дрвореди во градот;
- Рачно полевање и полевање со распрскувачи на зелените површини;
- Подготовка на цветни леи, садење и одржување на цвеќе и жардињери;
- Кроење и окопување на рози, грмушки, дрвја и др.;
- Собирање на хартија и отпадоци, собирање на лисја и чистење на тревник со гребло;
- Метење и стругање по патеки;
- Фито заштита и прихранување на цветни и тревни површини
- Производство на сопствен саден материјал( цвеќе и дрвја за дрворед)
- Машинско косење, собирање и рачен утовар на искосена трева;
- Одржување на системи за наводнување на зелените површини;
- Кроење на дрворедите по главните улици во градот;
- Поставување на системи за наводнување на одредени зелени површини

***Вонредно одржување на зелени површини кое ќе опфати:***

- Одржување на зеленило во рурални подрачја;
- Одржување на вегетација покрај локални патишта;
- Одржување на игралишта во приградски населби;
- Непредвидени активности при одржување на јавни манифестации (културни и спортски) организирани или поддржани од Општина Кочани

- Извршување на работните активности од страна на КЈП,,Водовод,, ќе се врши по доставување на работен налог од страна на Општина Кочани или по прием на Решение од надлежен орган.
- Финансирањето ќе биде дел од оваа Програма со задолжување преку доставување на фактура по цени утврдени од Советот на Општина Кочани за вонредно ангажирање на механизација и дополнително ангажирање на работници.

При изготвувањето на Планот за активности за 2023 год. за уредување и одржување на градското зеленило во Кочани земен е во предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржувањето на зеленилото православните градски гробишта се менливи елементи кои се во корелација со местоположбата и потребите на градот, климатските услови, структурата на зеленилото и неговата распространетост.

Вкупната ефективна површина на јавни зелени површини за редовно одржување изнесува 125.661 м2.

Со цел да го задржиме и подобриме континуитетот за навремено и квалитетно одржување на зелените површини за 2023 год. Секторот ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, при КЈП,,Водовод,,-Кочани планира да набави:

- Моторна косилка за трева бр. 4
- Моторна пила бр. 2
- Моторна пила-телескоп бр. 2
- Тракторска косилка бр. 1
- Тревокосачка со погон на тркалца бр. 3
- Дувалка за лисја бр. 2

Инвестиционите вложувања ќе се реализираат во зависност од сопствените расположиви средства на претпријатието.

Во рамките на секторот,,Градско зеленило и Православни гробишта,, одделението ,, Православни гробишта,,за 2023 год. ги планира следниве активности:

- Бетонирање на пристапни стази

- Оградување на ,,Градските Гробишта,,

- Поставување на нови приклучоци за чешми

- Поставување на електрична инсталација

- Одржување на ,,Градска Капела,,(одари,климатизација,дезинфекција,ладилна комора сл.)

- Склучување на договори со лиценцирани оператотри за погребување

- Склучување на договори со лиценцирани извршители на каменорезачки работи

Во Планот за активности за 2023 год. се прадвидени и следниве локации за хортикултурно уредувње:

1. План за реконструкција и засадување на хортикултурен материјал на потегот од хотел,,Национал,, до раскрсница ,,Подлошки Пат,,.

2. План за подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Бул.,,Тодосија Паунов,,
3. План за подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Ул,,Ленинова,,.
4. План за подигнување на зелени површини и хортикултурно уредување на Централниот „Градски Парк,,.
5. План за хортикултурно уредување на кружните текови во градот кои се во фаза на изградба.

Планираните работни активности во 2023 год. можат да бидат зголемени или намалени за сметка на други работни операции согласно Програмата За уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Кочани во 2023 година усвоена од страна на Советот на Општина Кочани. Набавка, поставување и одржување на урбана опрема . Одржување на детски игралишта. Одржување на фонтана „Зрно,,.

**Борчо Тренчев–Раководител на Сектор Паркови и зеленило и православни гробишта**

## 6. СЕКТОР „ГЕОТЕРМА“

***Основни податоци:***

Основна функција на Секторот е искористување на геотермалната вода од потенцијалот на лежиштето на геотермалната вода „Подлог-Бања“.

Секторот односно Геотермалниот систем „Геотерма“ преставува техничко - технолошка целина изградена од:

- 5 (пет) експлоатациони бунари во кои се монтирани длабински потопни пумпи на длабочина од ≈ 100 m,
- секундарни поврзни цевководи од експлоатационите бунари до собирниот - балансен резервоар,
- пумпно - дистрибутивна станица,
- дистрибутивни цевководи - главен дистрибутивен цевковод до градот (градски цевковод - 7660 m) и до оранжериите „Добра“ и „Зелена куќа“,
- секундарни дистрибутивни цевководи - од главниот дистрибутивен цевковод до помалите потрошувачи,
- реинекциони цевководи 2 (два) - од реинекциониот резервоар, односно од реинекционата пумпна станица до реинекционите бунари,
- 2 (два) реинекциони бунари.

***Планирани активности:***

- Во текот на 2023 година, а во рамките на своите законски обврски, Секторот „Геотерма“ ќе ги доставува месечните извештаи до Државниот Завод за Статистика - Регионално одделение за статистика - Штип.
- Изготвување на записници за месечните количини на потрошената геотермална вода од страна на корисниците, врз основа на кои ќе се врши фактурирање на истата.
- Изготвување на тримесечни пресметки за концесија за експлоатираните количини на геотермална вода и нивно доставување до Министерството за економија, согласно обврските од Законот за минерални суровини.

- Перманентно следење на статичкото ниво на седмична основа на аквиферот и водење на уредна евиденција за истото, со цел увид на падот на нивото во лежиштето кое во последните десет години е загрижувачко.
- Изработка на Годишен извештај од извршено тестирање на експлоатационите бунари - обврска од Законот за минерални суровини.
- За 2023 година се предвидува експлоатација на геотермална вода на ≈550.000 $m^3$, од кои ≈500.000 $m^3$ ќе бидат фактурирани и ≈300,000 $m^3$ реинектирани. Овие проекции во најголема мерка ќе зависат од временските услови кои во целост не можеме да ги предвидиме.

***Планирани проекти и апликации:***

- Тековни активности за санација и оддржување на геотермалниот систем.
- Доколку се обезбедат средства да се изврши санација на експлоатациониот бунар ЕБ-3 кој е вон употреба бидејки на длабочина од 78 m е констатирана девијација - стеснување на експлоатационата колона поради што не може да се спушти потопна пумпа со досегашните перформанси (експлоатација од 150 l/sek).
  Можно е и да се пристапи кон изведба на нов бунар, за што веќе имаме изработено Рударски проект заедно со фирмата „Рудпроект“ доо - Скопје.
- Заради стабилност на системот во однос на зголемување на количините на експлоатирана геотермална вода, да се преземат активности за инсталирање на нова потопна пумпа во бунарот ЕБ-3 соглсно сегашните технички услови на истиот, со капацитет помал од досегашниот (150 l/sek).
- Поради застареност на потопната пумпа во експлоатациониот бунар ЕБ-2 и лошите резултати од мерењата на потопната пумпа во експлоатациониот бунар ЕБ-4, а заради сигурност на функционирање на системот потребно е да се набави нова - резервна потопна пумпа.
- Сервисирање на изолацијата на градскиот цевковод.
- Набавка и инсталирање на протокомер на градскиот цевковод.
- Превентивно одржување на постоечката опрема.

***Надоградба на стручниот кадар во Сектор „Геотерма“***

Моментално Секторот располага со 12 вработени од кои само еден со високо образование. Според специфичноста на работата во 2023 година неопходно е вработување на инжењери и техничар од електро и машинска струка.

Се предвидени дообуки на постојните вработени согласно новите технички достигнувања на опремата која се инсталира во системот.

***Развој на геотермалниот систем „Геотерма“***

Имајки ги во предвид активностите на Локалната самоуправа преку зголемениот интензитет на контакти со разни чинители од странство и државните министерства за доискористување на геотермалниот потенцијал, а со тоа и развојот на Кочанската општина, развојот на „Геотерма“ би одел во следниот правец:

- Со поддршка од Општина Кочани, да се заврши започнатата софтверска обработка на податоците од досегашните геолошки истражувања од страна на катедрата за геологија при УГД „Гоце Делчев“ - Штип, што би било основа за аплицирање во проекти за финансиска поддршка за развој и модернизирање на искористувањето на геотермалниот потенцијал во Кочанската котлина.

- Подготовка на проект за промена на градскиот цевковод поради неговата дотраеност, со цел аплицирање за финанска помош од страна на странски донатори како и аплицирање во програмите на надлежните Министерства.
- Истражување на пазарот за иновативен начин на изолација на цевководот.
- Анализа и подготовка на идејно решение за приклучување на нашиот систем на нови објекти од јавен интерес (дом на културата и др.).
- Спроведување на анкета за приклучување на нови корисници во реонот на градот и во индустрискиот дел (мало стопанство - запад).
- Меморандуми за соработка со техничките високонаучни установи - УГД „Гоце Делчев“ - Штип заради регуртирање на кадар со високо образование, за кој ние како сектор имаме реални потреби.

**Радица Николовска - Сектор „Геотерма“**

## 7. СЕКТОР ИТ И РАЗВОЈ

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**
***Редовни активности***

Секторот за ИТ и развој како една од основните дејности ќе се грижи за хардверското одржување на компјутерските мрежи во сите дислоцирани објекти на КЈП Водовод Кочани како и одржувањето на софтверските модули како редовна активност на во 2023 година.

КЈП „Водовод” преку овој Сектор, и во наредната 2023 година, ќе ги доставува бараните извештаи до Државниот Завод за Статистика - Регионално одделение за статистика во Штип согласно законските обврски кои ги има.

Активностите поврзани со доставување на информации од јавен карактер до Барателите на информации, во согласност со Законот за пристап на информации од јавен карактер, исто така ќе бидат дел од редовните активности на Секторот, преку одговорното лице.

Останатите активности, кои ќе бидат предмет на ангажман на вработените од Секторот, во најголем дел ќе бидат насочени кон учество во реализација на активностите во тековните проекти како и припрема на документација за апликацирање на нови проекти, за што објаснување ќе биде дадено во понатамошниот текст.

***Проект: Станица за пречистување на отпадни води во Кочани /Follow Up фаза/***

Земајќи ги во предвид значителните финансиски средства од над 20 милиони CHF кои Владата на Швајцарската конфедерација ги донираше за реализацијата на проектот ПСОВ во Кочани, е секако од најголемо значење за КЈП Водовод Кочани,. Во наредниот период (до Јуни 2023 година) ќе се реализираат активностите од т.н. Follow Up фаза. Проектот беше пролонгиран за завршување на инфраструктурните активности поврзани со системот за одведување на отпадни води за корисници од село Оризари како и изградбата на систем за собирање на отпадни води во село Тркање. Составна компонента на Follow Up фазата е и делот на институционална надградба на КЈП Водовод - Кочани.

Во рамките на Проектот, Секторот за ИТ и развој во 2023 година посебно ќе се фокусира на активностите од проектот, кои се поврзани со намалување на административните загуби на вода, преку своите вработени кои се поставени за лидери на проектните тимови кои се формираа за оваа намена.

Исто така вработените од овој Сектор ќе се ангажираат за успешна имплементацијата на софтверските решенија изработени во рамките на проектот, кои практично ќе станат дел од работните задачи и обврски на Секторот.

Во рамките на дополнителната фаза од проектот исто така е предвидена и обуки на дел од вработените на темата пристап и грижа за корисници кои ќе бидат организирани од страна ан Секторот заедно со претставниците на Швајцарскиот консултант во првото тромесечие на 2023 година.

***Апликцирање на други проекти***

Во 2023 година се очекува да биде распишан повикот за поднесување на проекти во рамките на ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија (со што ќе започне и практичната имплементација на програмски период 2021-2027 година).

За оваа намена Секторот за развој веќе оствари контакти со претставници на општина Разлог за развој и аплицирање на заеднички проектен предлог. Се уште се разгледува можноста за аплицирање и на втор проект (што програмата го дозволува), и за истиот (за потребите на процесот на аплицирање) ќе биде пронајден соодветен проектен партнер од Република Бугарија, со кои заеднички ќе биде развиена проектната идеја а потоа заеднички ќе биде пополнет и поднесен Апликациониот формулар.

Секторот за ИТ и Развој во текот на 2023 година ќе ги следи објавите на Повици за финансирање на проекти од страна на странските донатори, и оние повици на кои КЈП Водовод Кочани ќе може да поднесе апликација, ќе бидат посебно нотирани и ќе се направи обид да се поднесе проектен предлог за барање за финансирање.

Врз основа на добиените информации, во 2023 година се очекува да се распишат  повици за поднесување на проектни предлози во рамките на програмите ЕУРО Медитеранијан и АДРИОН, за кои од оваа година и Р. С. Македонија а погодна држава за аплицирање. Врз основа на ова, Секторот за ИТ и развој во соработка со своите проектни партнери од други држави, веќе започна со разработка на проектни идеи кои би можеле да се аплицираат.

Исто така Секторот за ИТ и развој и во наредната година, ќе дава стручна помош на останатите Сектори на КЈП Водовод во припрема и аплицирање на проекти во програмите на надлежните Министерства на РМ, за средства наменети за водоснабдителни системи и набавка на комунална опрема, како и проекти од обласста на искористување на обновливи извопри на енергија и заштита на животната средина.

***Подготвување на проектна документација***

Активностите за подготовка на проектна документација за потребите на КЈП Водовод Кочани, со кои во иднина ќе може да се пристапи до ЕУ фондовите како и до останатите странски донатори, ќе бидат во фокусот на Секторот за ИТ и развој и во наредната 2023 година.

Во моментот, а земајќи ја во предвид енергетската ситуација во нашата држава и на глобално ниво, најголем предизвик е изработка на анализа, ревизија и надградба

на постојната техничка документација за искористување на потенцијалот на геотермалните води. Како почетна и воедно најитна активност, потребно е да се направи ревидираање (согласно најновите технолошки достигнување и актуалните пазарни цени за изведбата), на предфизибилити студијата за производство на електрична енергија од геотермална вода, која датира од 2010 година. Ова е од посебна важност бидејки постојат и потенцијални заинтересирани инвеститори на кои е потребно да им се достават веродостојни и актуелно валидни податоци.

**ЗАВРШНИ НАПОМЕНИ**

Имајки во предвид дека Секторот за ИТ и развој изгради доста големо искуство за припрема и аплицирање на проекти, кои се од интерес на заедницата, а се поврзани со активностите на КЈП Водовод, вработените од Секторот и во 2023 година ќе останат отворени за соработка со претставниците на граѓанскиот сектор (НВО) од нашата општина.

На самиот крај, би сакале да ја истакнаме исклучителната важност од редовна и активна соработка со надлежните соодветни Сектори од Локалната самоуправа на општина Кочани, посебно имајки во предвид дека повеќето донатори преферираат како апликанти на нивните повици за финансирање на проекти, да се појавуваат општините макар и да се работи за проекти од директна надлежност на комуналните претпријатија.

**Тодор Кушевски -Рак.на сектор ИТ и развој**

Планот за работа-активности за 2023г. е изработен според моменталните согледувања за потребните активности што не значи дека нема да бидат превземани и други дополнителни активности кои ќе бидат неопходни за нормално функционирање на КЈП Водовод Кочани.

**Јасминка Димова-Пом.директор по екк. и правни прашања**

--------------------------

**Драганчо Ставрев-Технички директор**

-------------------------

**Антонијо Паунов**

**20.12.2022 година**
**КЈП „Водовод..Кочани**

---------------------------------
**в.д. Директор**